**ОСНОВ**

Барање, од трето обвинетиот Колев Миле од Раклиш-Радовиш, доставено преку бранител-адвокат Зоранче Крстев од Радовиш, а согласно одредбите од ЗКП и согласно Вашите овластувања како и правилата на струката, заради потребите на одбрана на обвинетиот Миле Колев, по предметот К.2/24, кој се води пред Основен суд Радовиш, најдоцна до 24.04.2024 година, барам да изготвите стручен вешт наод како судско вешто лице со лиценца од областа на безбедност и здравје при работа, за следното:

Барателот бил вработен на работно место работоводител во електроодржување-РПЕ површински коп кај работодавачот ДПТУ Бучим ДОО Радовиш и бил на работа во време кога на ден 13.03.2019 година, дошло до незгода при работа, при што од струен удар при извршување на работна задача, починал работникот Ацо Ристов.

Во врска со овој кривичноправен настан добивајки, на наше барање од судот писмени докази и прописи, кој се правно релевантни за вештачење, бараме од Вас како вешто лице, со наодот да ги утврдите следни факти и околности:

- Дали налозите 04/01 и 05/01 за вклучување и исклучување, без во нив, од страна на барателот на вештиот наод, кој ги издал, без да се наведе во нив час на вклучување и исклучување СЕ НЕУРЕДНИ-ВО СПРОТИВНОСТ со упатство за безбедна работа на дежурен електричар и упатството за постапување на дежурен електричар во случај на нестанок на напон на доводна ќелија?
- Дали при постапување, при обавување на неговите работни задачи, обвинетиот Миле Колев, во критичниот ден кога дошло до смртна последица, имајќи ја во предвид приложена документација за вештачење, постапил или не постапил според прописите и техничките правила за мерките за заштита при работа при комуникација со останатите сообвинети, при што да се има во предвид, дали тој како раководител, согласно неговите работни задачи и прописите од областа на безбедност и здравје при работа, ИЗДАЛ ИЛИ НЕ ИЗДАЛ овластување на останати сообвинети, да се вклучи под напон ќелијата бр. 18 во ТС 110/6 КВ ,во моментот кога покојниот работник Ацо Ристов се уште работел?
- Дали според мислењето на вештото лице, обвинетиот Миле Колев, погрешил при обавување на неговите работни задачи на конкретниот критичен ден и дали како резултат на неговото постапување или непостапување, дошло до смртна последица? при што, доколку вештото лице смета дека е неопходно, согласно фактичката положба,може да опфати и други околности битни за случајот, кој не се опфатени во наведените три точки.

## 1. ДОСТАВЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Од страна на обвинетиот Миле Колев, преку бранителот адвокат Зоранче Крстев, во прилог со барањето, доставена е следната документација:

1.1.Обвинителен предлог по предметот КО. бр. 216/23 од 27.12.2023 година,
1.2.Поднесок од третообвинетиот Миле Колев преку бранител адвокат Зоранче Крстев од Радовиш,
1.2.Записник за испитување на сведок Лазаров Тоне од 06.03.2020 година,

1.3.Записник од испитување на сведок Коцев Јован од 02.12.2019 година,
1.4.Записник од исптување на сведок Миле Колев од 06.03.2020 година,
1.5.Записник за испитување на осомничен Ацо Атанасв од 10.03.2020 година,
1.6.УПАТСТВО ЗА БЕЗБЕДНА РАБОТА НА ДЕЖУРЕН ЕЛЕКТРИЧАР,
1.7.УПАТСТВО за постапување на дежурниот електричар во случај на нестанок на напон на доводна ќелија,
1.8.Налог бр. 04/01од 12.03.2019 година и налог бр. 05/01 од 13.03.2019 година,
1.9. ОДЛУКА за изрекување на парична казна поради кршење на работниот ред и дисциплина ев. бр. 04-199/1 од 10.07.2019 година,
1.10. Жалба од Миле Колев упатена до Органот на Управување на ДОО за производство, трговија и услуги БУЧИМ Радовиш,

## 2. НАОД

### 2.2. Краток опис на настанот

На 13.03.2019 година, работна група составена од 6 електричари, од непосреден работоводител Миле Колев, добива работна задача, на површински коп во рудникот ДПТУ БУЧИМ ДОО Раддовиш, да изврши преместување на електричните водови поврзани со етажните ормани (ЕО) бр. 8 и бр.2 кои се наоѓаат на површински коп и се поврзани на иста ќелија бр. 18 во главна ТС 110/6 КВ.

Од почетокот, работата се одвивала според правилата и процедури предвидени во упатствата како и процедури и насоки дадени од страна на непосреден работоводител Миле Колев кој учествувал во реализација на работниот налог а воедно вршел и директен надзор, дали електричарите се придржуваат согласно упатствата и дали квалитетно ја извршуваат поставената работна задача.

**Некаде околу 13 часот и 50 минути електричарот Коцев Јован, кој работел на спојување на кабли во ЕО бр. 8 ја завршил работата и наместо да причека и да се јави на работоводителот Миле Колев, тој неовластено и без знаење на шефот, директно стапил во контакт со дежурниот електричар Аце Атанасовски и го известил дека ја завршил работата на ЕО бр. 8 и дека може ќелијата бр. 18 да ја стави под напон, додека траел нивниот разговор, настраданиот електричар Ацо Ристов се уште работел на спојување на кабли во ЕО бр. 2 кој се напојува од иста ќелија бр. 18.**

Околу 13 часот и 55 минути, дежурниот **електричар Аце Атанасовски, без да добие известување од работоводителот Миле Коцев, односно без да ја провери добиената информација од страна на Коцев Јован, а бил должен тоа да го стори**, бидејќи знаел на кои ЕО ќе се изведува преспојување на електрични водови, **пристапил кон вклучување на ќелијата бр. 18 односно ставање под напон,** а бидејќи Ацо Ристов се уште работел на ЕО бр. 2, истиот од последиците на струен удар починал на лице место.

2.3. Одредбите од обвинителниот предлог констатирани од страна на Основен Јавен Обвинител во Радовиш, поврзани со членовите 38 ст. 1 и член 41 ст.2 а кои се ставаат на товар на третообвинетиот Миле Колев, дека со општоопасно дејствие, предизвикал значителна опасност за животот и телото на луѓето така што спротивно на членовите 38 ст.1 и 41 ст. 2 од законот за безбедност и здравје при работа и спротивно на одредбите во Упатството за безбедна работа на дежурен електричар на ДПТУ Бучим ДОО Радовиш,

издал неуреден налог без време на исклучување и вклучување, оградувајки се од содржината на обвинителниот предлог кој се однесува за третообвинетиот Миле Колев, бидејки се работи за правно прашање во кое вештото лице не може да навлегува и коментира и да дава мислење, но согласно безбедносните прописи и приложените докази за изготвување на наодот, од овој стручен безбедносен аспект, ставање на временските термини за исклучување и вклучување во налогот, не можат да се однесуваат на третообвинетиот Миле Колев а подолу ке објаснам зошто така сметам како вешто лице.

**ПОЈАСНУВАЊЕ:** Во членот 38 ст. 1, децидно е наведено кои права и обврски, ги има секој вработен: **„Право и обврска на секој вработен е да се грижи за сопствената безбедност и здравје, како и за безбедноста и здравјето на другите лица кои работат со него и лицата кои се засегнати од неговите активности, во согласност со обуките и инструкциите кои му се дадени од страна на работодавачот, да биде запознаен со мерките за безбедност и здравје при работа и да биде обучен за нивната примена".**

Од одредбата во член 38 од ЗБЗР произлегува дека обврска да се грижи за сопствената безбедност и здравје, како и за безбедноста и здравјето на другите лица кои работат со него, во конкретен случај е директна обврска на осомничениот Ацо Атанасовски кој од страна на непосреден работоводител, бил задолжен да биде дежурен електричар во 110/6 KV ТС **и само тој, непосреден работоводител Миле Колев може да контактира со него и да дава наредба кога можат електроенергетски постројки, да се исклучат или вклучат под напон а истиот работоводител Миле Колев, согласно неговите овластувања, тоа не го пренел на друго лице, односно не овластил друг вработен, истото да го стори наместо него, бидејки бил таму, непосредно учествувал во работниот процес и немало никаква потреба, да овласти друг вработен наместо него.**

Со оглед на тоа дека се работи за извршување на високоризични работни задачи, постоење на напон од 110/6 KV, со вклучување на ќелија бр. 18, дежурниот електричар Ацо Атанасовски требал да постапи согласно упатствата за безбедна работа на дежурен електричар и да добие одобрение од претпоставениот работоводител, кога може ќелијата бр. 18 да ја стави под напон.

**Во конкретниот случај, осомничениот Ацо Атанасовски, ниту постапил согласно Упатството за безбедна работа на дежурен електричар, ниту добил одобрение од претпоставениот работоводител Миле Колев, дека може ќелијата бр. 18 да ја стави под напон, туку лекомислено се приклонил на непроверена информација, добиена непосредно од електричарот Коцев Јован кој не бил овластен од работоводителот Миле Коцев за тоа,** кој во моментот на извршување на работните задачи, бил член на групата задолжена за интервенција, ниту пак од страна на непосредниот работоводителот добил наредба за вклучување на ќелијата бр. 18.

**Третообвинетиот Миле Колев, не можел на дежурниот електричар Аце Атанасовски, да му даде одобрение-наредба за вклучување на ќелија бр. 18 и не му дал, од причина што, кога Коцев Јован му се јавил на дежурниот електричар дека ја завршил работата (околу13 часот и 55 минути), тој (Миле Колев) бил во непосредна близина на ЕО бр. 2 во кој настраданиот електричар Ацо Ристов се уште работел.**

## 2.4. Во одредбата на член 41 од ЗБЗР стои:

(1) Вработените, мораат да ги почитуваат пропишаните мерки за правилно користење на средствата за работа (машини, апарати, алати, опасни супстанции, опрема за транспорт и други средства за производство) и не смеат да ги исклучуваат, менуваат или отстрануваат заштитните направи на опремата.
(2) Вработените, мораат да ги почитуваат пропишаните мерки за безбедност и здравје при работа и да ја користат пропишаната опрема за лична заштита и по употребата да ја вратат на соодветно место, како и да направат здравствени прегледи во согласност со овој закон и другите прописи од оваа област.
(3) Доколку вработениот, не постапува во согласност со одредбите од ставот (2) на овој член, се смета дека тој го изложил на опасност сопствениот живот и здравје, како и животот и здравјето на другите вработени.

**ЗАБЕЛЕШКА: Овдека особено е важно да се нагласи дека, осомничениот Аце Атанасовски не постапил согласно став 2 од член 41 од ЗБЗР а во врска со пропишаните мерки за безбедност и здравје при работа кои вработениот мора да ги почитува а, кои се дадени во Упатство за безбедна работа на дежурен електричар, кој со својата лекомислена постапка и непроверена информација, директно го загрозил животот на останатите електричари кои ја сочинувале работната група на 13.03.2019 година.**

**Во врска со наводите дека работоводителот, третообвинетиот Миле Колев издал неуреден налог бр. 5/01 за исклучување од напон на ќелијата бр. 17 и вклучување на ќелија бр. 18 во ТС 110/6 КV без да наведе точен час на тие операции можам да појаснам и да кажам следно:**

ПОЈАСНУВАЊЕ: Неуредно пополнет налог 04/01 и бр. 5/01 како што стои во обвинителниот предлог на ОЈО Радовиш, вештото лице, оградувајќи се обвинителниот предлог, бидејќи се работи за правно прашање, во кое вештото лице не може да навлегува, **но согласно безбедносните прописи-упатства за постапување на електричарите и приложените налози како докази за изготвување на наодот, од овој стручен безбедносен акцент, неставањето на временските термини во налозите НЕ Е СПРОТИВНО на обврската предвидена во Упатство за безбедна работа на дежурниот електричар.**

Постои голема разлика помеѓу содржина и издавање на работен налог и налог за исклучување-вклучување на електроенергетски постројки кој се однесува издава само на дежурен електричар кој е одреден да биде дежурен во 110 КV ТС сопственост на МЕПСО.

## Зошто во налогот за исклучување-вклучување не се става часот?

Најпрво во двете упатства за безбедна работа на дежурниот електричар, НИКАДЕ НЕМА ОДРЕДБА ВО НАЛОГОТ, ДА СЕ СТАВИ ЧАС НА ИСКЛУЧУВАЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ.

Второ, пред од страна на работоводителот, да се издаде наредба за исклучување на електроенергетски постројки од 6 КВ напојување, на површинскиот коп се ангажирани рударски-работни машини кои за погон користат ел. струја, па затоа работоводителот првин треба да провери дали на површинскиот коп каде се планира исклучувањето од напојувањето колку и кои машини работат и да се координира со раководителот на површински коп а оваа мерка на претпазливост, се спроведува од безбедносни причини, кои можат да доведат до оштетување на самите машини а самата интервенција може да потрае подолг и непредвидлив временски период.

Внесување на време на вклучување на напојување во налогот, практично е неизводливо од причина што, согласно процедурата, во главна ТС 110/6 КВ се наоѓа книга во која се внесуваат сите настани и дејствија кои се спроведуваат во самата трафостаница, со евидентирање на времето-час на извршувањето на работните задачи кои се преземаат од страна на дежурните електричари, затоа времето на исклучување односно вклучување на конкретни ќелии се остава да се пополни веднаш штом тоа дејствие ќе се заврши.

Одредување на термин на исклучување (може колку толку да се предвиди), но во конкретниот случај одредување на терминот на исклучување од причина на каузалитет за смртта на работникот, воопшто не е битна а пак времето на вклучување, без директен налог од страна на непосреден работоводител не може да се спроведе а работоводителот таков налог не дал, ниту писмен, ниту устмен а како што претходно елеборирав, иако во обвинението стои дека налозите се неуредни без час на исклучување и вклучување, сепак во упатството за безбедна работа на дежурниот електричар, НИКАДЕ НЕМА ОДРЕДБА ВО НАЛОГОТ ДА СЕ СТАВИ ЧАС НА ИСКЛУЧУВАЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ.

## 2.5. БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ ПРИ РАБОТА ВО ВИСОКОНАПОСКИ ЕНЕРГЕТСКИ ПОСТРОЈКИ

Пред почеток на работите работоводител треба, од овластено лице, да добие дозвола за работа и останата пропратна документација за работа на конкретно работно место а потоа да:

Провери дали се спроведени заштитните мерки,

Да ги утврди границите на деловите од постројките кои се во безбнапонска состојба и

Доколку е потребно да ги преземе и спроведе дополнителни заштитни мерки.

Во исклучителни ситуации, работоводителот може да добие задолжение врз кое е должен самиот да го исклучи напонот и да го обезбеди местото на работењето меѓутоа тоа се работи во исклучителни ситуации кога ненадејно и ненајавено ќе се појави некаков проблем.

Работоводителот, пред почеток на работите ги предупредува вработените, од кои е составена работната група, на границите на деловите на енергетските постројки кои се во безнапонска состојба и делови на постројките кои се под напон, на можни опасности по здрвје и животот и на обврска за користење на ЛЗС.

**Со извршување на работните задачи, работната група одредена за интервенција може да отпочне и заврши ЕДИНСТВЕНО И ИСКЛУЧИВО кога само непосредниот работоводител ќе издаде работен налог дека работата може да отпочне и заврши а**

**никако врз основа на претходниот договор дека работите ќе отпочнат или завршат во однапред договорено време (час).**

По завршување на работните задачи, предвидени за конкретен работен ден, непосредниот работоводител ја проверува исправноста на извршените рботи, издава усмена наредба на работната група да го отстранат користениот рачен алат и опрема, остатоците од изолација на кабли и непотребни жици, спроведува пробно испитување на спроведената интервенција, наредува на групата да ја напушти локацијата и подготвува налог-наредба, дека работите се завршени и дека енергетската постројка е спремена за пуштање во погон односно ставање под напон.

По добивањето на известување од страна на непосредниот работоводител, а НИКАКО од било кој вработен во групата, дека работите се завршени и дека постројките (етажен ормар) може да биде ставен под напон, дежурниот електричар пристапува кон мерката ставање под напон на конкретен етажен оран или разводен орман и тоа го внесува во книгата на настани.

**Најстрого е забрането вклучување на постројката само врз основа на претходниот договор, без претходно известување од работоводителот за завршување на работите и подготвеност на постројката да биде ставена под напон.**

## 3. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА РАБОТА НА ЕЛЕКТРОЕНЕРКЕТСКИ ПОСТРОЈКИ

Работите на електроенергетските објекти, можат да се изведуваат само врз основа на соодветни документи за работа како што се:

- Налог за работа,
- Известување за завршување на работите и
- Налог за исклучување-вклучување односно ставање на објектот без напон или под напон.

Работен налог, со кој непосреден работоводител составува работна група и одредува дежурен електричар, се изготвува во писмена форма на образец БУ-ЗП-00-04/1 додека, налогот за исклучување-вклучување односно ставање под напон кога се работи во 110 КВ ТС сопственост на МЕПСО се пополнува образец БУ- ЗП-00-06.

Известување за завршена работа, ЕДИНСТВЕНО го издава непосреден работоводител и на тој начин го известува дежурниот електричар дека:

- Работата на конкретни електроенергетски уреди се завршени,
- Се спроведува пробно испитување на извршената интервенција,
- Се отстранува рачниот алат и непотребен материјал и
- Објектот односно енергетска постројка е подготвена за ставање под напон.

Разликата помеѓу **налогот за работа** и **налогот** со кој се бара-наредува исклучување-вклучување односно ставање под напон на енергетски уред се состои во следно:

**Налог за работа** се изготвува на образец БУ-ЗП-00-04/1 од страна на непосреден работоводител а во конкретен случај е изготвен од страна на третообвинетиот Миле Колев, во него како прво, се наведува дека извршители на работа задолжително треба да користат колективни и лични заштитни средства, понатаму се наведува на кој оддел треба да се изведува предметната работа, на која машина или на група на машини и краток опис што конкретно треба да се сработи.

Во табеларен преглед, се наведуваат имињата на работниците кои се одредени да ја извршат работата, предвидени заштитни мерки, почеток на работа и потпис на вработените кои го примиле работниот налог.

Под табеларниот преглед стои кој го издал налогот а во ставката вградени делови и репроматеријали се наведува, што се е потрошено за интервенцијата на соодветна машина-уред.

Во ставката краток опис на извршената работа, се наведува што конкретно групата работела, односно која работа е завршена.

Во ставката забелешка секогаш по правило, се наведува која лична заштитна опрема треба да ја користат при извршување на поставената работна задача.

**Ваков налог од страна на третообвинетиот Миле Колев, уредно е изготвен и потпишан од сите електричари, кои се вклучени во реализација на поставената работна задача.**

## Забелешка: Како изгледа уредно пополнет работен налог даден е во прилог.

Налогот за исклучување и вклучување, односно ставање под напон на содветен електроенергетски уред-ќелија, се изготвува исто така, од страна на непосреден работоводител на образец БУ- ЗП-00-06 и во него се наведува, која опрема треба да се исклучи или вклучи и кој го бара исклучувањето-вклучувањето, со датум и потпис на непосреден работоводител.

Овој тип на документот односно налог, се издава само на дежурен електричар кој е одреден за исклучување и вклучување на напон во главната 110/6 KV TS сопственост на МЕПСО.

**Забелешка:** Од дадена на увид фотокопија на налозите бр. 04/1 и 05/1, јасно може да се види дека барањето за исклучување-вклучување на ќелиите бр. 17 и 18, е потпишано од страна на третообвинетиот Миле Колев  и кој го примил налогот, во конкретен случај налогот со своерачен потпис, го примил осомничениот Ацо Атанасовски, кој на критичниот ден, од страна на Миле Колев, бил одреден да биде дежурен електричар во главна 110/6 КВ ТС.

**ВАЖНО:** Констатацијата во обвинителен предлог дека третообвинетиот Миле Колев издал неуреден налог 05/01 за исклучување-вклучување на ќелиите бр.17 и 18, што е правно прашање во кое вештото лице не навлегува,но од аспект на безбедносните прописи, работните задачи и обврски на работоводителот, нествањето на временските термини за

исклучување-вклучување во налогот, **не претставуваат причина** за случување на настанот од 13.03.2019 година, во кој како последица смртно настрадал електричарот Ацо Ристов, а истиот и не може да има вина за нетавање на часот на исклучување и вклучување, бидејки практично како што појаснив погоре е невозможно а и согласно приложените две упатства за безбедна работа на дежурниот електричар, НИКАДЕ НЕМА ОДРЕДБА, ВО НАЛОГОТ ДА СЕ СТАВИ ЧАС НА ИСКЛУЧУВАЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ.

### 3.2.**ЗАПИСНИЦИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА СВЕДОЦИ**

Во документацијата доставена преку адвокатот-бранител на третообвинет Миле Колев, дадени се на увид записници за испитување на сведоците; Лазаров Тоне, Коцев Јован, Миле Колев и записник за испитување на осомничен Ацо Атанасовски.

Записник за испитување на сведок РО. Бр.26/19 од 06.03.2020 година на ОЈО Радовиш Миле Колев, сведокот изложил :

„Јас се сеќавам на настанот случен на 13.03.2019 година во рудникот Бучим.

Тогаш јас бев работоводител во електро одржување – РПЕ Површински коп во ДПТУ Бучим ДОО Радовиш,јас ги координирав работите на електроодржувањето и тој ден бевме работна група и тоа јас како работоводител, како главен мајстор на електроодржување Коцев Јован и Атанасовски Ацо а како електричари Лазаров Тоне, Ристов Ацо, Келкоцев Димитар и Ристов Борче.

Нашето работно време почнува од 07.30 часот, најпрвин од страна на раководителот Живко Ристов и тој ни дава распоред за работа,тој ден требаше да се премести линијата на електричниот вод од ќелијата број 18 до етажен орман 8 и 2 кои се наоѓаат на површинскиот коп,инаку ќелијата број 18, се наоѓа во ТС Мепсо беше исклучена и обезбедена (механички блокирана) уште од 12.03.2019 година, поради преместување на електричниот вод и истата е одбележана со табличка за предупредување, да не се вклучува бидејќи се работи на водот,тоа е запишано во матичната евиденција која се наоѓа во самата трафостаница.

Ние како група, почнавме со преместување на каблите на траса која беше предвидена, префрлањето на каблите го завршивме некаде околу 13.30 часот,до тој момент сите како група работевме заедно и се одеше по нормален ред,јас предложив да се изврши мегер тест на линијата на кабелот, за да се види да нема некое оштетување.

Откако го направивме тоа, утврдивме дека нема никакво оштетување дека каблите се во ред,инаку тој тест го правевме кај етажен ормар број 8,тогаш јас, Ацо Ристов и Ацо Атанасовски со службениот џип се упативме кон машинската работилница за да ги пополниме налозите за вклучување и исклучување на келиите во ТС Мепсо а кај етажен ормар бр.8 останаа Јован Коцев и Келкоцев Димитар,во механичката работилница јас изготвив налог од 13.03.2019 година, со која го задолжувам Атанасовски Ацо да ја исклучи келијата бр.17, со предходен договор со оперативен коп, вообичаено го пишуваме часот на исклучување,денес ми е прикажан налог бр.05/01 од 13.03.2019 година ,не можам да кажам зашто не е напишан часот на исклучување на ќелијата, може сум пропуштил, но мислам дека се уште чекав известување од оперативата на коп, да не работи некоја машина а часот на вклучување не се впишува веднаш, бидејќи не знаеме кога ќе завршиме со работа.

Ацо Атанасовски го однесоа до ТС Мепсо каде требаше да чека наредба од мене кога да се исклучи ќелијата бр.17,по некое време добив известување од оператива на коп и од

мојот телефонски број ,........ или ПК усно не се сеќавам точно, на Ацо Атанасовски му дадов налог да ја исклучи ќелија бр.17 и истата да ја блокира, бидејќи истата ќе биде исклучена 2-3 дена,тогаш јас се уште се наоѓав во механичката работилница, од страна на Ацо Атанасовски во 13.41 часот ми беше јавено, дека ќелија бр.17 е исклучена, ми потенцираше дека напонот е исклучен,тогаш јас му напомнав дека ќе се слушнеме по телефон кога да се вклучи ќелијата бр.18, односно откако ќе завршиме со работа на етажните ормари. Јас мојот телефон го оставив во машинската работилница, бидејќи беше испразнета батеријата. Тогаш со џипот јас, Ацо Ристов не се сеќавам дали беше и Тоне со нас и се упативме до етажниот ормар бр.8 и јас лично им потврдив на Коцев Јован и Димитар дека напонот на ќелијата бр. 17 е исклучен и да се направи преврзување во електричниот орман, јас лично му кажав на Коцев Јован, откако ќе ја заврши работата да чека, дека јас ќе ги контактирам сите и тогаш ќе се вклучи напонот а ние се упативме према етажниот орман бр. 2,таму од страна на Ацо Ристов заедно со мене се изврши проверка на безнапонска состојба со заземјување во приклучната кутија, а Тоне преземаше дејствија на друга разводна кутија околу 5-10 метри од нас,јас му помогнав на Ацо да го стави кабелот односно жиците на кабелот во доводната ќелија на етажен орман бр. 2 и тогаш тој почна да ги врзува жиците на етажниот орман.

Јас во тој момент направив два три чекора кон Тоне за да проверам што работи тој, видов дека го беше одврзал кабелот односно ја завршил својата работа и ми рече Мики јас завршив,во тој момент и двајцатаца слушнавме бучава во етажниот орман бр. 2 а не знаеме од што доаѓа,јас с дојдов два чекора наназад каде што работеше Ацо Ристов и го видов како тој стои во стоечка позиција со раце кон внатрешноста на етажниот орман бр. 2 кон доводните шини, го видов како се тресе, видов искри како излегуваат од орманот и инстиктивно пуштив рака да му помогнам, но сепак сватив дека го има удрено струен удар и доколку го фатам, ќе влезам во струјно коло и јас ќе бидам повреден.

Се случи многу бргу, навистина јас не знам од каде тогаш се појави напон во електричниот орман, бидејки истиот беше исклучен и тоа и на двете ќелии бр. 17 и бр.18, тоа беше околу 20 секунди од спојот кој се створи се вклучи заштитата и се исклучи ќелија бр. 18 од самата трафостаница на Мепсо, сама се исклучила не некој механички да ја исклучи,тогаш го видов Ацо Ристов како падна на грбот лежи на земјата покрај етажниот орман а бевме сигурни бидејќи најпрво ја проверивме безнапонската состојба на етажниот ормар.

Постојат упатства за безбедност при работа и постапување на вработените во рудникот на секој посебен сектор па и во оваа во врска,им потврдив на Коцев Јован и Димитар Колкоцев дека напонот на ќелијата.бр.17 е исклучен и да се направи преврзување во електричниот ормар, и јас лично му кажав на Коцев Јован, откако ќе ја заврши работата да чека дека јас ќе ги контактирам сите и тогаш ќе се вклучи напонот а ние се упативме према етажен ормар бр.2,таму од страна на Ацо Ристов заедно со мене се изврши проверка на безнапонската состојба со заземјување во приклучената кутија, а Тоне превземаше дејствија на друга разводна кутија на 5-10 метри од нас,јас му помогнав на Ацо да го стави кабелот односно жиците на кабелот во доводната ќелија на етажен ормар бр.2 и тогаш тој почна да ги врзува жиците во самиот етажен ормар,јас во тој момент направив два три чекора кон Тоне за да проверам што работи тој, видов дека го беше веќе одврзал кабелот односно ја беше завршил својата работа и ми рече Мики јас завршив. Во тој момент и двајцата слушнавме бучава во етажниот ормар бр.2 а не знаевме од што доаѓа,јас дадов два

чекори назад каде што работеше Ацо Ристов и го видов како тој стои во стоечка позиција со рацете кон внатрешноста на етажниот ормар бр.2, кон доводните шини, го видов како се тресе, видов искри како излегуваат од ормарот и инстиктивно пуштив рака да му помогнам, но сепак сватив дека го има удрено струен удар и дека доколку го фатам ќе влезам во струјно коло и јас ќе бидам повреден,се се случи многу брзо навистина јас не знам од каде тогаш се појави напон во електричниот ормар, бидејќи истиот беше исклучен и тоа и на двете ќелии бр.17 и бр.18,тоа беше околу 20 секунди од спојот кој се створи се вклучи заштитата и се исклучи ќелијата бр.18 од самата трафостаница на Мепсо, сама се исклучила не некој механички да ја исклучи,тогаш го видов Ацо Ристов како паднат на грб лежи на земјата покрај етажниот ормар,од моја страна му беше пружена помош се додека на дојде итната медицина која веднаш ја повикавме,во меѓувреме од страна на Тоне преку неговиот мобилен телефон,истиот се има јавено до Ацо Атанасовски да го праша како дошло до вклучување на напонот, а тој му рекол дека тој го вклучил напонот на ќелијата бр.18 бидејќи Јован Коцев така кажал,јЈас на Ацо Атанасовски, му се немам јавено да ја вклучи ќелијата бр.18 ниту пак на Јован Коцев му имам кажано да се јави на Ацо да ја вклучи ќелијата бр.18,јас како работоводител на група сум тој што ја води работата и единствено надлежен да кажам кога да се исклучи а кога да се вклучи напонот од трафостаницата во Мепсо и никој друг тоа не може да го стори, бидејќи сите ќе бидеме доведени во опасност така е поставена хиреархијата,инаку во секој етажен ормар покрај него има кутија со гумени ракавици и чизми за високонапонска струја и истите се атестирани, тие се колективни заштитни средства на рудник Бучим,истите се користат кога работиме кога етажниот ормар е под напон,во конкретниот случај бидејќи етажните ормари беа во без напонска состојба се работеше со обични кожени ракавици бидејќи тоа е пипава работа на врзување на жици, а бевме одржувањето на електрокопот,со тие упатства се запознаени сите вработени во електроодржување, односно сите вработени во мојата група се запознаени со истите и периодично се вршеше проверка на знаењето.

Во конкретниот случај сметам дека е направена груба повреда на хиреархијата при извршување на работните задачи и самоволно постапување од страна на Јован Коцев и Ацо Атанасовски затоа што постапија без мое знаење и налог и го доведоа во опасност како мојот живот, животот на Тоне, а Ацо Ристов погина заради нивното невнимание. Јован Коцев не е овластен да издава наредби кога да се вклучува или исклучува високонапонската ќелија а Ацо Атанасовски како главен мајстор е должен да ги извршува налозите дадени од моја страна како од овие двајца вработени во рудник Бучим се има постапувано крајно неодговорно и затоа се дојде во ситуација едно лице да го изгуби животот.

Во конкретната ситуација Живко Ристов како главен раководител на електроодржување на површински коп и Тане Петров како главен елекртоинжинер во рудник Бучим, немаа никаква одговорност ниту пак имаа задолжувања да превземат било какви дејствија во врска со одржувањето на електроводовите.

Јас како работоводител бев одговорен за организирање на работата и се постапуваше по мој налог, бидејќи претходно добивме задача од повисоките раководители.

Јас во рудникот работам уште од 1981 година непрекинато, ваква ситуација никогаш се нема случено, никогаш ги немам доведено во неизвесност вработените со кои работам, бидејќи совесно и одговорно си ја имам извршувано својата работа.

**Записник за испитување на сведок Тоне Лазарев, во врска со предмет РО.бр.26/19 од 06.03.2020 година на ОЈО Радовиш, кој изложи:**

Се сеќавам на настанот на 13.03.2019 година кој се има случено во рудник Бучин кога Ацо Ристов од с.Воиславци загина на работното место,јас работам како електричар со групата составена од Ацо Ристов, Ацо Атанасовски, Коцев Јован и Димитар Келкоцев и др. вршевме превземање на електричните линии поврзано со етажен ормар 8 и етажен ормар 2 кои се наоѓаат на површинскиот коп а се поврзани на иста линија – ќелија со ТС Мепсо.

Сите работевме како група и од како ги преместивме електричните кабли беше потребно истите да се поврзат односно да се направи нивно преместување во електричните етажните ормари и разводните кутии.

Јован Коцев и Димитар Келкоцев ги оставуваме да чекат кај етажен ормар бр.8 а јас шефот Миле, Ацо Атанасовски, Ацо Ристов и Борче Ристов со џипот се упативме кон механичката работилница како шефот Миле, би можел да напише налог за исклучување на ќелија бр.17, а ќелијата бр.18 веќе беше исклучена од предходниот ден.

Од страна на шефот, беше изготвен писмен налог со кој се задолжуваше Ацо Атанасовски да ја исклучи ќелијата бр.17 и му беше кажано кога ќе ја исклучи да се јави на шефот Миле, а за вклучувањето треба да почека во ТС Мепсо и од страна на шефот Миле Колев да чека наредба за вклучување на ќелија бр.18. Тогаш Ацо Ристов со џипот го превезе Ацо Атанасовски до ТС Мепсо, потоа тој со џипот се врати во работилницата од каде јас и Миле Колев се качивме во џипот, односно најпрво Ацо Атанасовски по телефон на шефот Миле му јави дека е исклучена ќелијата бр.17 и ние тогаш се упативме кон етажните ормари број 8 и број 2. Миле својот телефон го остави во механичката работилница но со него секој пат носи радио станица. Миле Колев е тој што ја организира и раководи работата и единствено тој може да даде налог усмено и писмено за вклучување или исклучување на ќелиите во ТС Мепсо.

На патот кон етажните ормари на површинскиот коп најпрво со џипот во кој бевме јас, Ацо Ристов и Миле Колев застанавме кај етажен ормар бр. 8, шефот Миле се симна од џипот и ни покажа што треба да превземат на тој ормар и на Јован Коцев му кажа што треба да превземе на тој ормар, дека напонот е исклучен, а откако ќе ја заврши работата да чекат понатамошни наредби од него како шеф,со џипот ние потоа продолживме до етажен ормар бр.2 каде од страна на Ацо Ристов се превзимаат активности во самиот етажен ормар а јас отидов да ја превземам активности на разводната кутија од иста ќелија на одалеченост од околу 15 метри од етажниот ормар позади него.

Јас откако ја завршив работата му кажав на Миле дека сум готов тој стоеше измеѓу мене и Ацо и тогаш слушнав голема бучава, не знаев од каде иде и го прашав шефот што се случува меѓутоа и тој не знаеше,видов како Миле веднаш истрча кон етажниот ормар бр.2,тој веднаш викна по мене, јас се качив до етажниот ормар и тогаш видов дека Ацо Ристов лежи на грб на замјата,се обидовме да му помогнеме и викнавме брза помош,јас не го знаев бројот на брза помош и му се јавив на Ацо Атанасовски да повика брза помош бидејки тој беше во ТС Мепсо и кое е во близина на управната зграда на Бучим,јас и тогаш знаев што се случува,пред да отпочнеме да работиме на етажен ормар бр.2 и разводната кутија проверивме дека се во безнапонска состојба и тогаш одпочнавме со работата,ние од секогаш кога етажните ормари се без напон работевме со кожени работнички ракавици за врзување на жици со алат-клучеви за одврзување и врзување на кабли,инаку покрај секој етажен ормар постои посебна кутија во која има гумени високонапонски чизми и ракавици и истите се употребуват кога работиме во етажните ормари кога е под напон.

Во конкретната ситуација немање напон и користевме кожени ракавици,во целиот период додека бевме кај етажен ормар бр.2 од страна на шефот Миле Колев барем колку што знам, јас се немаше контактирано со Ацо Атанасовски и му се немаше дадено наредба за да врши вклучување на ќелија бр.18.

Јас немам ништо зборувано со Јован Коцев кога бевме на етажниот ормар бр.8 ниту пак од страна на Миле, му се има дадено овластување да каже кога да се вклучува ќелија бр.18.

**Единствено Миле Колев е тој што како работоводител дава наредби за вклучување и исклучување во ТС Мепсо,на нас како вработени ни е извршено обука за заштита и безбедност при работа и сите ние од работната група сме запознаени за начинот за постапување при извршување на нашите работни задачи посебно за дејствија превземени за одржување на електричната мрежа под висок напон ,точно се знае кој раководи со работа и се постапува по негов налог односно наредба а тоа во конкретниот случај беше Миле Колев.**

**Записник за испитување на сведок РО.бр.26/19 од 02.12.2019 година на ОЈО Радовиш, сведокот Јован Коцев изложи:**

На критичната дата на 13.03.2019 година јас бев прва смена на работа и тоа од 7.30 часот, кога стигнав на работа најпрво добив писмено да се потпишам за ризикот на работа а потоа од страна на шефот Миле ни беше даден работен налог на кој се потпишуваме и во кои се наведени работните задачи кои треба да ги обавуваме тој ден,на работниот налог беа наведени имињата на вработените Коцев Јован, Атанасовски Аце, Ристов Аце, Тоне Лазаров, Келкоцев Димитар, Ристов Борче и сменскиот електричар Горан Гаврилов а работата која ни беше наложена да ја извршиме беше комплексна, бидејќи требаше да влечеме кабли од за 6 киловати со пресек 50 милиметри и 30 милиметри квадратни кои потребни да се постави нова линија од изводно на ќелија 17 пред машинска да продолжи до коп каде се поставени електрични ормари број. 8 и број 2 од кои се напојуват машините кои работат во копот,до некаде до 13.00 часот сите ние работевме заедно ја завршивме линијата од поставување на електричниот кабел кој го поврзуваме на разводни кутии.

Сите од екипата бевме кај електричниот ормар со број 8 каде шефот Колев Миле ми даде усна наредба да останам таму како би можел да почекам да се исклучи напонот од зградата на Мепсо па потоа да почнам да работам со превезување на кабелот,на мое барање со мене беше оставен и Келкоцев Димитар,останатите вработени заедно со шефот отидоа во машинскиот оддел во работилница како шефот Миле би му напишал налог на Аце Атанасовски за исклучување на напонот од електричните ормани бр. 8 и бр. 2 а по извршена работа налог и за вклучување на истите.

Јас останав со Димитар покрај електричниот ормар бр. 8 на коп и таму бевме некаде околу 20 до 30 минути и чекав да ми јават дека напонот е исклучен, односно да ми се јави шефот Миле,јас преку радиостаница која ја имаме во рудникот Бучим го барав Миле Колев меѓутоа тој не ми јави,јас повторно го барав преку радиостаницата но тој не ми се јавуваше а го забележав џипот како се движи покрај линијата која ја поставува и доаѓа накај ормарот бр.8,од страна на Тоне Лазаров преку мобилен телефон ми се јави и ми кажа „мајсторе зашто не почнеш да работиш" на што му одговорив дека никој ми нема кажано дека напонот е исклучен а ги известив дека шефот Миле го нема да се јави на што од страна на Тоне ми беше кажано дека Миле не го носел со себе мобилниот бидејќи му била празна батерија а и радиостаницата му била празна,јас Тоне го прашав дали да се јавам на Аце Атанасовски кога ќе завршам со работата на ормарот бр. 8, на кое нешто тој повторно

ми одговори,, да,можеш да се јавиш", а тоа од причина бидејќи Миле немаше телефон немаше како да комуницирам со него,со џипот во кој се наоѓаа Миле, Тоне и Ристов Ацо поминаа покрај нас и се упатија кон ормарот бр.2,јас побарав од Димитар од џипот да земе друг клуч кој и беше потребен за работа и тој тоа го стори, со Димитар ја извршивме работата на ормарот бр.8 за од прилика 10 минути,кога завршивме со работата јас го пратив Димитар да отиде до багерот бр. 2 кој беше на одалеченост од околу 200 метра како би можел откако ќе се вклучи напонот да провери како работи.

Откако го пратив Димитар јас преку мобилниот телефон се јавив на Аце Атанасовски кој се наоѓаше во зградата на Мепсо и го известив дека јас завршив со работа на ормарот бр.8 и дека може да вклучи напон, од наша страна. јас со тоа што го кажав, мислев да го известам Аце дека само на мојот ормар сум завршил и дека од мене е слободно да пушти напон, а не и за другиот електричен ормар бр.2,од страна на Ацо ми беше кажано колега добро ќе видиме,комуникацијата беше таа ништо повеќе,инаку со шеф Миле, Тоне и Аце не се слушнав телефонски за да ги известам дека јас завршив со работа, а ниту пак можев визуелно да им го кажам то,а бидејки беа на одалеченост од околу 500 метри и немаше видно поле меѓу нас,јас чекав покрај ормарот број. 8 за да видим дали е пуштен напонот за да можам да го уклучам багерот,немаше ни две минути откако му се јавив на Аце, напон на бр.8 беше вклучен,јс тоа како електротехничар можам да го забележам дирекно на самиот ормар,видов дека напонот е вклучен и беше вклучен најмногу 4 секунди и истиот веднаш се исклучи,јас не знаев зашто се исклучи напонот, меѓутоа веднаш потоа по мобилен телефон ми се јави Атанасовски Аце и ме извести дека ќелијата исклучила во Мепсо и дека тој знаел во кое парче е и ме замоли да проверам кое парче од кабелот е оштетено кој води до ормар број 8,во тој момент Аце Атанасов повторно ми се јави по втор пат и ми рече ,, Колега зашто ми рече дека си завршил ,го утепавме Ацето". Јас ништо не можев да му одговорам, едноставно занемев ја прекинавме телефонската комуникација,потоа ја го викнав Димитар да дојде од багерот и полека отидовме кон ормар број 2 и таму имаше страшна слика бидејќи Аце Ристев беше починат покрај ормар бр.2,инаку вообичајно комуникација помеѓу шефот и електротехничарите кои се наоѓаат на терен на копот во рудник Бучим се одвива преку радиостаница, кое нешто е пропишано и според правилниците за работа во рудник Бучим и тоа шефот односно раководното лице се јавува на мајсторите кои се на терен како и тие на него,инаку од страна на работоводителот Миле е тој што дава налог за исклучување на ќелијата во зградата на Мепсо а тоа треба да биде јавено и преку радиостаница односно шефот да има комуникација како со електротехничарите кои работат на терен, така и со електротехничарот кој работи во зградата на Мепсо.

Тоа што се случи е страшна работа и на нас сите ни е многу криво, никој не сакаше да биде повреден а уште помалку некој да почине,инаку во врска со бројот на мобилниот телефон да објаснам дека јас лично го користам мобилниот телефон кој се води на име на мојата мајка Божана Коцева од с.Подареш,моментално не работам во рудник Бучим, за конкретниот настан против мене се водеше дисциплинска постапка и добив одлука за отказ на договорот за вработување во рудник Бучим која одлука од моја страна е оспорена и против истата имам поведено работен спор пред Основен суд Радовиш, која ви ја доставувам во фотокопија,во рудник Бучим многу често доаѓа до затајување на комуникација помеѓу извршителите на електроодржување на коп меѓусебно а и со работниците на машините па и со шефот.

Инаку електротехничарот кој се наоѓа во зградата на Мепсо и кој е задолжен за вклучување и исклучување на напонот, не може да комуницира со радиостаница со работниците кои се наоѓат на коп, туку истиот мора да комуницира директно со работоводителот кој или преку радиостаница од машинска – работилница или преку статичен телефон кој се наоѓа во тие простории,инаку мобилните телефони и тоа приватни не треба да бидат користени во врска со работа во Бучим за меѓусебна комуникација помеѓу вработените ,посебно кога се превземат високоризични работи со висок напон од страна на електротехничарите,таквата пракса беше воспоставена од пред 5 години и тоа од страна на шефовите – работоводителите кои имаа мобилни телефони дадени од рудник Бучим а останатите електротехничари требаше да користат приватни телефони.

**Записник за испитување на осомничен РО бр.26/20 од 10.03.2020 година – осомничениот Атанасов Ацо во кој вели:** Јас го користам моето право на молчење не давам никаков исказ ви оваа фаза на кривичната постапка.

## 4. МИСЛЕЊЕ И ОДГОВОР НА ПРАШАЊАТА

4.1. Дали налозите 04/01 и 05/01 за вклучување и исклучување, без во нив, од страна на барателот на вештиот наод, кој ги издал, без да се наведе во нив час на вклучување и исклучување СЕ НЕУРЕДНИ-ВО СПРОТИВНОСТ со упатство за безбедна работа на дежурен електричар и упатството за постапување на дежурен електричар во случај на нестанок на напон на доводна ќелија?

**ОДГОВОР:** Од фотокопии на налозите бр. 04/01 од 12.03.2019 и 05/01 од 13.03.2019 година, доставени на вешто лице, може јасно да се види дека налозите 04/01 и 05/01 се пополнети на образец БУ-ЗП-00-06 и јасно може да се воочи за кој објект се работи (ТС 110/6 КВ) и за која опрема се бара вклучување-исклучување од напојување,од налозите може да се види, дека се работи за објект ТС 110/6 КВ во кој се наоѓаат електроенергетските уреди ќелија бр. 17 и ќелија бр. 18 и дека тие уреди треба да се исклучат односно вклучат.

Во налозите е ставен датум (во едниот 12.03.2019 г: а во другиот 13.03.2019 г.) и е потпишан од лицето кој го бара исклучувањето и вклучувањето, во конкретен случај потпишан е од работоводител Миле Колев, кој единствено е овластен да потпишува такви налози,истите налози се потпишани и од дежурниот електричар Аце Атанасовски, кој треба да ги заврши овие задолженij,а но со претходен договор со непосредниот работоводител Миле Колев, дали може да исклучува или вклучува конкретниот електроенергетски уред.

Што се однесува до според обвинението неуредно пополнет налог 04/01 и 05/01 од страна на третообвинетиот Миле Колев, во поглед на тоа зошто не ставено време на исклучување односно време на вклучување можам да кажам следно:

Внесување на време-час во налогот кога некој уред треба да се исклучи-вклучи, практично е неизводливо од причина што, локација каде се наоѓа машинска работилница и каде се изготвуваат налозите за работа, од главна ТС е оддалечена оолу 5 км. и затоа не е можно точно и прецизно, да се одреди време на исклучувањето.

**Меѓутоа, морам да нагласам како во претходната моја елаборација во наодот, вака пополнет налог за исклучување-вклучување без во него да се наведе точно време на**

**бараните дејствија, НЕ Е ВО СПРОТИВНОСТ со упатството за безбедна работа на режурен електричар, ниту е спротивен на упатството за постапување на дежурниот електричар во случај на нестанок на напон на доводна ќелија,бидејки таква одредба во упатствата НЕМА.**

Од друга страна, согласно процедурата, во главна ТС 110/6 КВ се наоѓа книга во која се внесуваат сите настани и дејствија кои се спроведуваат во самата трафостаница, со евидентирање на времето-час на извршувањето на работните задачи кои се преземаат од страна на дежурбите електричари па така и времето кога дежурниот електричар (Аце Атанасовски) ќе го исклучи конкретен уред мора веднаш да го внесе во главната книга на настани.

Трето, во пракса се случува уредно пополнет налог, да не се створени услови од разни причини, таков налог да биде реализиран,таквиот налог не е валиден се поништува и се отвара нов налог со нов датум,**затоа времето на исклучување односно вклучување на конкретни ќелии се остава да се пополни веднаш штом тоа дејствие ќе се заврши.**

Појаснување: Кога на локации, како што е површинскиот коп на ДПТУ БУЧИМ Радовиш, се изведуваат работни зафати на електроенергетски уреди кои користат висок напон (110/6 КВ) и кога локациите на кои се извршуваат работите (ЕО 8 и ЕО 2) се оддалечени еден од друг односно се нема визуелен контект со работниците, приоритет на комуникациите особено со дежурен електричар (Ацо Атанасов) се дава на елктронски уреди (радио врска или моб. телефон) и во тој случај писмениот налог за исклучување-вклучување на електроенергетските уреди односно ставање под напон **не важи!!**

**4.2.** Дали при постапување при обавување на неговите работни задачи, обвинетиот Миле Колев, во критичниот ден кога дошло до смртна последица, имајќи ја во предвид приложена документација за вештачење, постапил или не постапил според прописите и техничките правила за мерките за заштита при работа при комуникација со останатите сообвинети, при што да се има во предвид, дали тој како раководител, согласно неговите работни задачи и прописите од областа на безбедност и здравје при работа, ИЗДАЛ ИЛИ НЕ ИЗДАЛ овластување на останати сообвинети, да се вклучи под напон ќелијата бр. 18 во ТС 110/6 КВ во моментот кога покојниот работник Ацо Ристов се уште работел.

**ОДГОВОР:** Што се однесува до постапките пред и по добивањето на работен налог од страна на раководител Живко Ристов, **третооптужениот Миле Колев, во потполност постапил согласно процедурите за подготовка на електричарите за работни задачи кои треба да ги реализираат, од негова страна се применети правилата на струката и одредбите предвидени во упатствата за безбедно работење на електричари при работа во безнапонски и во напонски услови на работа, дадени од работодавачот ДПТУ БУЧИМ ДОО Радовиш.**

Постапките и процедурите за безбедно работење кои, третооптужениот Миле Колев ги презел се огледаат во следно:

− Пред отпочнување со реализација на поставените работни задачи, формирал работна група која ќе биде ангажирана за извршување на поставените работни задачи;

− Изготвил работен налог со име и презиме на електричарите кои ќе бидат ангажирани на извршување на работни задачи во кој, истите се потпишани ,им ја посочил локацијата и електроенергетски уреди на кој треба да се изврши интервецијата, определил кои ЛЗС треба вработените да ги користат при работа.

− Претходно проверил дали постојат услови за исклучување на ќелиите бр. 17 и 18 поради ангажирање на рударска механизација која користи електрично напојување.

− Определил дежурен електричар во главна 110 КВ трафостаница (Аце Атанасовски) **на кој му дал упатства- дека без негово одобрение не смее да изврши вклучување на ќелија бр.18.**

− **На ниеден од ангажираните електричар, ниту писмено ниту усмено не му дал овластување дека може наместо него, да комуницира со дежурниот електричар Аце Атанасовски и да дава одобрение за вклучување на ќелијата бр.18 а согласно исказот на сведокот Тоне Лазаров,секогаш со себе ја носел радио станицата.**

4.2. Дали според мислењето на вешто лице, обвинетиот Миле Колев, погрешил при обавување на неговите работни задачи на конкретниот критичен ден и дали како резултат на неговото постапување или непостапување ,дошло до смртна последица, при што, доколку вешто лице смета дека е неопходно, може да опфати и други околности битни за случајот, кој кои не се опфатени во наведените три точки.

**ОДГОВОР:** Дел од одговорот на оваа прашање е содржан во одговорот на второ прашање меѓутоа сакам овој момент да го појаснам.

Од самиот почеток на реализирање на работниот налог, се додека електричарите се придржувале на безбедносните мерки предвидени во упатствата, работата се одвивала онака како непосредниот работоводител Колев Миле, пред почеток на реализација на работните задачи, им свртил внимание на што треба најмногу да внимаваат, бидејки и самиот учествувал во реализација на довереnата работа а воедно вршел и надзор на останатите електричари, дали безбедно постапуваат при изведување на одредени работни операции.

**Критичниот момент настанува, кога електричарот Коцев Јован од непознати причини, кога ја завршил работата во својот дел односно поврзување на ЕО бр. 8 и наместо за тоа да го извести непосредниот работоводител Миле Колев и да причека да му се издадат понатамошни упатства тој, неовластен за давање на известувања и без знаење на работоводител Миле Колев самоиницијативно се јавува кај дежурниот електричар Аце Атанасовски со зборови – „Аце јас завршив...можеш да вклучиш ....“**

По завршување на разговорот помеѓу електричарот Коцев Јован и дежурниот електричар во главна 110 КВ ТС **настапува втор критичен момент кога дежурниот електричар Аце Атанасовски не постапил согласно упатството за безбедна работа и не пристапил кон мерката за проверка и веродостојност на добиената информација, а тоа морал да го направи а од причина што тоа известување е добиено од друг електричар, кој немал овластување за давање на такви известување освен, како што добил инструкции од страна на Миле Колев, додека тој не му се јави не смее ! на своја рака или преку известување на друг колега, да изврши ставање под напон на ќелијата 18 а видно од изјавата на сведокот Тоне Лазаров,третообвинетиот Миле Коцев,не користел телефон,кое нешто не е дозволено во ушатствата за работа а пак со себе секогаш ја носел радиосртаницата,на кого никој не му се јавил а самиот во**

**конкретниот случај не јас искористил,бидејки во време кога се слушнал струјниот удар и починал работникот,се немало услови да се вклучи напонот,бидејки работата не била завршена,што значи дека ТРЕБАЛО ДА СЕ ЧЕКА ЈАВУВАЊЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА НАПОНОТ ОД СТРАНА НА РАБОТОВОДИТЕЛОТ МИЛЕ КОЛЕВ, НО СПРОТИВНО ОД ТОА, НЕ СЕ ЧЕКАЛО, ЗА КОЕ НЕШТО ТРЕТООБВИНЕТИОТ МИЛЕ КОЛЕВ КАКО ВЕШТО ЛИЦЕ, СМЕТАМ ДЕКА НЕМА НИКАКВА ВИНА, ОДНОСНО НЕ ПРЕЗЕМАЛ ДЕЈСТВИЕ КОЕ БИ БИЛО ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ВИНА ЗА СМРТНАТА ПОСЛЕДИЦА, НИТУ ПАК ПРОПУШТИЛ ДА СТОРИ НЕКОЕ ДЕЈСТВИЕ КОЕ БИЛ ДОЛЖЕН ДА ГО СТОРИ А ПОРАДИ ТОА ПРОПУШТАЊЕ, ЕВЕНТУАЛНО ДА БИ НАСТАНАЛ СЛУЧАЈОТ, ТАКВО ПРОПУШТАЊЕ СМЕТАМ ДЕКА НЕМА.**

ЗА крај. Што би било битно за случајот а е пропуштено да се бара одговор од мене како вешто лице, мое мислење, што би се случило ако во налозите бр. 04/01 и бр. 05/01 пополнети од страна на третоептужениот Миле Колев би бил одреден часот на исклучување и вклучување на ќелиите бр. 17 и бр. 18.? Мое мислење како вешто лице.

Сметам, дека во таков случај би можело да се доведат во опасност по живот вработените, бидејки во вакви и слични случаи, практично е невозможно да се определат точните временски термини за исклучување и вклучување, бидејки се работи за сложени мегусебно поврзани теренски операции и комплицирани работни задачи, кој се однапред тешко предвидливи и не би можеле однапред да се стават во временски рамки, затоа лично, сметам дека и во упатствата за постапување на електричарите НЕМА ТАКВА ОДРЕДБА за ставање на временски термини на исклучување и вклучување во налозите а зошто така се сочинети налозите, иако таква облигаторна одредба во упатствата НЕМА, не би можел да дадам одговор.

**НАПОМЕНА:** Наодот и мислењето се изготвени врз основа на доставената документација од страна на полномошник бранител на третообвинет и во предвид се земени оние документи кои се неопходни за изготвувањењ на Наодот и мислењето.

Доколку во меѓувреме се дојде до нови докази и сознанија, вештото лице го задржува правото дополнително да се произнесе за новите околности.

**Изјава:** Изјавувам под полна морална и материјална одговорност дека немам, никакви родбински, материјални и сл. причини, ниту со барателот за изготвување на вешт Наод и мислење, ниту со неговиот правен застапник, ниту со повредениот, под кои би се довела во прашање непристрасноста и објективноста на изготвениот Наод и мислење.

Април - 2024 г.
Куманово

Вешто лице:
М-р Бранко Костадиновиќ
Дипл. Инг. Заштита при работа
**Лиценца УП1 број: 08-3144/2022**
**Тел. за контакт: 077/697849**